Врз основа на член 50 од Статутот на ИНВЕСТБРОКЕР АД Скопје Одборот на директори на ИНВЕСТБРОКЕР АД Скопје на седницата одржана на 10.10.2024 година донесе

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА РАБОТЕЊЕ СО ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ
на ИНВЕСТБРОКЕР АД Скопје

Услуги со хартии од вредност
Член 1

Општите услови за работење со хартии од вредност (во понатамошниот текст "Општи услови") ги уредуваат меѓусебните права и обврски на Брокерската куќа ИНВЕСТБРОКЕР АД Скопје (во понатамошниот текст "Брокерска куќа") и на клиентот, при извршувањето на услуги со хартии од вредност од страна на Брокерската куќа и тоа:

- купување и продавање на хартии од вредност по налог и за сметка на клиентот – берзанско посредување;
- управување со портфолио на хартии од вредност по налог и за сметка на индивидуален клиент-портфолио менаџмент;
- вршење на трансакциите и активностите за сметка на издавачот на хартиите од вредност потребни за успешна јавна понуда на хартии од вредност, без задолжителен откуп на непродадените хартии од вредност;
- вршење на трансакции и активности за сметка на издавачот на хартиите од вредност потребни за успешна јавна понуда на хартии од вредност, со задолжителен откуп на непродадените хартии од вредност;
- дејствување како покровител при котација;
- инвестиционо советување;
- извршување на трансакции и активности за сметка на трети лица потребни за преземање на едно акционерско друштво во согласност со Законот за преземање на акционерски друштва;
- чување на хартии од вредност што вклучува отворање и водење на сметки на хартии од вредност во свое име, а за сметка на клиенти во депозитар, отворање и водење на сметки на хартии од вредност и за своите клиенти кои не се сопственици на тие хартии од вредност, а за сметка на нивните клиенти и други услуги со хартии од вредност по налог на клиентот (исплата на достасани побарувања од издавачите врз основа на достасани хартии од вредност, камати и дивиденди за сметка на сопствениците на тие хартии од вредност, известување за собранија на акционерите и застапување на тие собранија, плаќање на даночни обврски на клиентот врз основа на хартии од вредност кои се во негова сопственост и слично);прием и пренос на налози за купување и продавање на хартии од вредност на странски пазари на хартии од вредност и
- вршење дополнителни услуги за издавачите на хартии од вредност.

Дефиниции
Член 2

Берзанско посредување е купување, односно продажба на хартии од вредност по налог и за сметка на клиентот.

Инвестиционо советување е советување на клиентите во врска со купувањето, односно продажбата на хартиите од вредност, согласно член 24 од Општите услови на работење.

Портфолио менаџмент е управување со хартиите од вредност како и со паричните средства на клиентот и нивното вложување во хартии од вредност врз основа на Договорот склучен помеѓу Брокерската куќа и клиентот, согласно член 25 од овие Општи услови за работење.

Посредно управување со портфолио на хартии од вредност – вршење услуги за домашниот и за странски пазари на хартии од вредност по налог на Друштво за инвестициско советување, а за сметка на индивидуален клиент сопственик на портфолио, врз основа на трипартитен Договор за управување со портфолио на хартии од вредност склучен помеѓу Брокерската куќа, Клиентот и Друштво за инвестициско советување со дозвола од страна на Комисијата за хартии од вредност за извршување на услуги со хартии од вредност.

Чување на хартии од вредност е услуга која вклучува отворање и водење на сметки на хартии од вредност за клиенти во депозитар и други услуги со хартии од вредност по налог на клиентот, која Брокерската куќа ја дава врз основа на посебен склучен Договор помеѓу Брокерската куќа и клиентот, а во кој детално се уредуваат правата и обврските помеѓу Брокерската куќа и клиентот согласно член 26 од овие Општи услови.

Други услуги се: вршење на трансакциите и активностите за сметка на издавачот на хартиите од вредност потребни за успешна јавна понуда на хартии од вредност, дејствување како покровител при котација, извршување на трансакции и активности за сметка на трети лица потребни за преземање на едно акционерско друштво во согласност со Законот за преземање на акционерски друштва, прием и пренос на налози за купување и продавање на хартии од вредност на странски регулирани пазари, мултилатерална платформа за тргување , организирана платформа за тргување и пазар преку шалтер и вршење дополнителни услуги за издавачите на хартии од вредност, кои Брокерската куќа ги врши врз основа на посебен Договор склучен помеѓу Брокерската куќа и клиентот.

Хартии од вредност се следниве инструменти: акции издадени од акционерски друштва и од командитни друштва со акции, акции во инвестициските фондови кои работат според Законот за инвестициски фондови, обврзници, инструменти на пазарот на пари, деривативни финансиски инструменти, потврда за странска хартија од вредност, сертификат за депозит и други финансиски инструменти кои според Комисијата се сметаат за хартии од вредност.

Налог е едностран инструкција на клиентот, кој може да биде даден усно, писмено или во електронска форма, а со кој на Брокерската куќа и се наложува да из врши определена трансакција со хартии од вредност за сметка на клиентот.

Прием на налогот е прием на налогот на клиентот од страна на Брокерската куќа после што Брокерската куќа го прифаќа или одбива, што соодветно се евидентира во книга на налози.

Прифаќање на налогот е евидентирање на прифаќањето на налогот во книгата на налози на Брокерската куќа, со што настанува обврската за негово извршување.

Извршување на налогот или **трансакција** или **склучување на трансакција** е склучување на куповни односно продажни правни зделки/трансакции со хартии од вредност врз основа на налозите на клиентот.

Порамнување на обврските е исполнување на паричните обврски и обврските на пренос на хартии од вредност од извршениот налог на начин и под услови, како што определуваат соодветните прописи.

Сметка за порамнување е посебната сметка согласно член 123 од Законот за хартии од вредност отворена во Народна банка на Република Северна Македонија со намена за уплата на паричните средства на клиентите за плаќање на обврските за купените хартии од вредност и исплата на паричните средства добиени од продажбата на хартиите од вредност на клиентите.

Наменска парична сметка е посебна трансакциска сметка отворена во домашна банка наменета за уплата на пари, пренос на пари од една на друга трансакциска сметка и исплата на пари, кои се одвоени од имотот на Брокерската куќа и кои во случај на стечај или ликвидација не можат да се користат за намирување на обрските на Брокерската куќа.

Сметка на хартии од вредност е сметка за хартии од вредност која што е во сопственост на клиентот, а која што се води во форма на електронски запис во Централниот депозитар за хартии од вредност.

Берза е организиран пазар на хартии од вредност кој што на јавноста и е достапен посредно или непосредно, каде што тргувањето се одвива редовно и којшто уреден и е под надзор на надлежните органи.

Тргување со хартии од вредност е склучување на правни зделки на купување, односно продажба на хартии од вредност.

БЕСТ систем е берзанскиот електронски систем за тргување, преку кој се извршуваат налозите од клиентите и се склучуваат берзански трансакции.

Договор со клиентот е општ договор за давање брокерски услуги во берзанската трговија со хартии од вредност со кој Брокерската куќа за паричен надомест се обврзува да ги извршува налозите за тргување на домашен пазар на хартии од вредност за сметка на клиентот (во понатамошниот текст "Договор").

Апликација за регистрација/ажурирање на клиентите е образец со форма и содржина утврдена со Одлука на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија.

Депозитар за хартии од вредност е акционерско друштво, коешто во Република Македонија, врз основа на дозвола од Комисијата за хартии од вредност, извршува услуги на регистрација на хартии од вредност, порамнување на трговски трансакции, нетрговски преноси и други услуги во согласност со соодветните прописи.

Овластено лице е лице коешто врз основа на поседување на дозвола за работење на брокер издаена од Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија има право да прима и извршува налози и да прима и посредува, односно да дава други известувања.

Тарифник е важечката Одлука на Брокерската куќа за надоместоци за извршување на брокерски услуги.

Работен ден е ден (освен саботите, неделите и празниците), во кои работи Брокерската куќа, доколку овие Општи услови, односно посебните договори не определуваат поинаку.

Берзанско посредување

Податоци за клиентот
Член 3

Согласно со Законот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам, Брокерската куќа е дожна да го идентификува и да го потврди идентитетот на клиентот преку прибирање на следните податоци за клиентот:

(1)Кога клиентот е физичко лице се идентификува и се потврдува неговиот идентитет со поднесување на оригинален и важечки документ за идентификација (важечка лична карта/пасош), издаден од надлежен орган или копија заверена на нотар од кој се утврдува име, презиме, дата и место на раѓање, место и адреса на живеалиште или престојувалиште, единствен матичен број или број за идентификација и број на документот за идентификација, органот кој го издал и дата на важење.

(2)Кога клиентот е правно лице или правен аранжман се идентификува и се потврдува неговиот идентитет со документ за регистрација во оригинал или копија заверена на нотар (Тековна состојба не постара од шест месеци), издаден од надлежен орган на државата во која е регистрирано правното лице или акт за основање на правниот аранжман, кој се поднесува во хартиена и/или електронска форма, од кој се утврдува називот,правната форма, седиштето, даночниот број или друг регистрациски број на правното лице или правниот аранжман, основачот/ите, повереникот/ците, корисник или група корисници на трустот,, законскиот застапник, органот на управување и лицата ополномоштени за влегување во деловен однос во име на клиентот (документите за регистрација издадени од надлежен орган на странска држава, треба да бидат преведени на македонски јазик од страна на овластен судски преведувач)

Од документите од ставовите (1) и (2) на овој член, за целите на идентификација, Брокерската куќа задолжително задржува копија во хартиена и/или електронска форма.

Податоци за клиентот се прибираат и преку Апликацијата за регистрација/ажурирање на клиентите, преку задолжително пополнување на сите полиња содржани во истата, која Брокерската куќа е должна да ја обезбеди за сите нови клиенти, како и за постоечките клиенти пред извршувањето на каква било услуга.

Доколку клиентот е застапуван од ополномоштеник, идентификацијата и потврдувањето на идентитетот се врши и за ополномоштеникот, кој е должен да приложи оригинално специјално полномошно заверено кај нотар, како и да пополни Апликацијата за регистрација/ажурирање за давателот на полномошното и лично за себе. По извршената идентификација и потврдување на идентитетот на клиентот и по пополнета Апликација за регистрирање/ажурирање на клиентот, Брокерската куќа е должна да изврши соодветна проценка на ризик и врз основа на истата да одлучи дали ќе го одобри односно продолжи деловниот однос со клиентот.

Договор со клиентот
Член 4

Пред приемот на првиот налог на клиентот за купување, односно продажба, Брокерската куќа и клиентот склучуваат Договор, во писмена форма.

Договорот особено ги содржи следните елементи:

а) општи услови за работењето со хартии од вредност на Брокерската куќа;

б) изјава на клиентот дека е запознат со општите услови на работењето пред склучување на Договорот и дека имал можност да се запознае со содржината на договорот.

Доколку поинаку не е утврдено со Законот за хартии од вредност за регулирање на договорните односите меѓу Брокерската куќа и клиентите се применуваат одредбите на Законот за облигациони односи.

Во Договорот не може да се содржани одредби со кои:

- клиентот се одрекува од кои било права кои произлегуваат од Законот за хартии од вредност или правилниците донесени врз основа на Законот за хартии од вредност;
- го ограничуваат правото на судска заштита во случај на спор со Брокерската куќа;
- предвидуваат друг надомест освен вообичаениот надоместок за извршување на трговските трансакции, во случај кога постигнатата цена по која е извршен налогот е поповолна за клиентот отколку цената содржана во налогот на клиентот.

Налози за купување и/или продажба на хартии од вредност

Време и начин на прием на налози од клиенти
Член 5

Брокерската куќа прима налози на клиентите во рамките на своето работно време за работа со клиенти, во работниот ден.

Брокерската куќа прима налози за купување, односно продажба директно во деловните простории на Брокерската куќа од каде што се извршуваат налозите, по пошта или телефакс и по електронски пат, преку

компјутерско - информацискиот систем на Брокерската куќа или со користење на други медиуми за електронска комуникација.

Налозите добиени по телефакс, во најкраток можен рок треба да бидат доставени и во оргинал по пошта.

Доколку клиентот сака да дава налози и во електронска форма, преку компјутерско - информацискиот систем за давање налози на Брокерската куќа и/или со користење на други медиуми за електронска комуникација, потпишани со електронскиот потпис на клиентот согласно закон, освен општиот Договор, склучува и дополнителен посебен договор со кој се уредуваат условите под кои Брокерската куќа му овозможува пристап и користење на компјутерско информацискиот систем за давање налози, прифаќање и постапување со документацијата и/или дополнителен посебен договор со кој се уредуваат начинот на давање на налози со користење на други медиуми за електронска комуникација, идентификацијата на клиентот и комуникацијата со клиентот.

Брокерската куќа со посебен акт го уредува на начинот и постапката на работење со налози добиени по електронски пат.

После приемот на налогот, Брокерската куќа истиот го прифаќа или го одбива, што соодветно се евидентира во книгата на налози на Брокерската куќа.

Прифаќањето или одбивањето на налог од страна на Брокерската куќа се евидентира на посебен образец.

Образецот за прифаќање на налогот задолжително ги содржи следните елементи: забелешка дека налогот е прифатен; датум и време на прифаќање на налогот; забелешка дека Брокерската куќа може да го изврши налогот кога ќе процени дека тоа е во најдобар интерес на клиентот; број на налогот во книгата на налози; други елементи кои можат да влијаат на реализацијата на налогот и име, презиме и потпис на овластениот брокер во Брокерската куќа.

Образецот за одбивање на налогот задолжително ги содржи следните елементи: забелешка дека налогот е одбиен; датум и време на одбивање на налогот; број на налогот во книгата на налози; причина за одбивање на налогот; име, презиме и потпис на овластениот брокер во Брокерската куќа.

Брокерската куќа задолжително му дава примерок на клиентот од образецот за прифаќање или одбивање на налог.

Прифаќањето или одбивањето на електронскиот налог за тргување од страна на Брокерската куќа се евидентира на посебна електронска потврда за прифаќање или одбивање на електронски налог за тргување, која ги содржи податоците од образецот за прифаќање односно одбивање на налог.

Брокерската куќа задолжително, по електронски пат, му доставува електронска потврда за прифаќање или одбивање на електронски налог за тргување со хартии од вредност на клиентот кој дал електронски налог.

Со упис на прифаќањето на налогот во книгата на налози на Брокерската куќа, настанува обврската за негово извршување.

Член 5а

Доколку клиентот сака да дава налози за тргување на странски пазари, освен општиот Договор, склучува и дополнителни посебни договори и тоа: Договор за брокерски услуги на странски пазари, со кој се уредуваат условите и начините под кои ќе се врши тргувањето односно начинот на прием и пренос на налозите; време и начин на реализација на налозите (тип на налог); начинот на известување на клиентите за реализираните трансцаксии на странски пазари; начинот на уплата/исплата на средствата на клиентите за реализираните трансакции; информација за можните трошоци и даноци кои ќе бидат на товар на клиентите, како и останати информации кои се важни за клиентот и Договор за старателски услуги на странски пазари, со кој се уредуваат условите за чување на паричните средства на клиентот наменети за тргување на странски пазари или добиени од тргување на странски пазари, како и условите за чување на хартиите од вредност на клиентот во странство.

Брокерската куќа е должна по добивање на налогот од клиентот веднаш и без одлагање односно без да го задржува да го пренесе до финансискиот посредник со кој има склучено соодветен договор. Доколку финансискиот посредник ја извести Брокерската куќа дека не постојат услови за реализација на налогот, се смета дека истиот е откажан од страна на клиентот, согласно условите утврдени договорот помеѓу Брокерската куќа и финансискиот посредник и Договорите со клиентот од претходниот став на овој член.

Налозите за тргување на странски пазари Брокерската куќа ги евидентира во посебна книга на налози – Книга на налози за странски регулирани пазари, мултилатерална платформа за тргување, организирана платформа за тргување и пазар преку шалтер.

Брокерската куќа со посебен акт го уредува на начинот и постапката на работење со налози за тргување на странски пазари.

Член 6

Во случај на усмен налог, барање, известување или порака (во продолжение: усно известување) според овие или во врска со овие Општи услови и Договорот, се смета дека усното известување било посредувано на соодветен начин: (I) ако како посредник на усното известување се претставило лице, коешто во Договорот, е наведено како овластено лице на договорната странка, којашто ја предава усната порака и (II)ако како примач на усната порака се претставило овластено лице од договорната страна.

Содржина на налогот

Член 7

Клиентот со налогот од член 5 од овие Општи услови, кој што го доставува до Брокерската куќа, на начин и во форма, определена во Договорот, ги определува пред се: податоци за идентификација на клиентот (име и презиме за физичко лице, односно назив за правно лице и матичен број на клиентот), сметка за хартии од вредност на клиентот во овластен депозитар, типот на налогот (за продажба, за купување), назив и опис на хартијата од вредност, издавачот на хартијата од вредност, количината на хартијата од вредност, цена по која треба да се изврши налогот (освен за пазарниот налог), видот на налогот (член 9 од овие Општи услови), датум, час и минута на давање на налогот, рок на важност на налогот, потпис на клиентот.

Промена, повлекување и одбивање на налогот

Член 8

Доколку клиентот, по прифаќањето на налогот од страна на Брокерската куќа, ја промени цената, количината или кој и да е друг елемент од налогот, се смета дека го повлекол првичниот налог и дека дал нов налог.

Клиентот може својот налог да го промени, само ако Брокерската куќа не го извршила или делумно го извршила првичниот налог на клиентот.

Клиентот има право да го повлече налогот.

Брокерската куќа е должна веднаш по барањето за повлекување на налогот од клиентот да го повлече налогот од БЕСТ системот и истото да го евидентира во книгата на налози.

Трансакциите кои се склучени пред повлекувањето на налогот во БЕСТ системот се полноважни.

Промената и повлекувањето на налозите за тргување се врши на еден од начините на прием на налози.

Брокерската куќа има право да одбие налогот на клиентот во случај ако според нејзино мислење налогот, односно неговото извршување, е во спротивност со соодветните прописи или со деловната политика на Брокерската куќа или во други случаи (пр. налогот не е даден на начинот определен со овие Општи услови, ако налогот не ги содржи елементите пропишани со овие Општи услови, ако клиентот не ги уплати потребните парични средства, освен за исклучоците одобрени од директорот на Брокерската куќа, ако Брокерската куќа не може да изврши идентификување и потврдување на идентитетот на клиентот согласно член 3 од овие Општи услови, во случај на прекинување на тргувањето со определена хартија од вредност од страна на берзата и др.)

Брокерската куќа мора да го извести клиентот за одбивањето на налогот како и за причините поради кои е одбиен налогот, веднаш по давањето на налогот од страна на клиентот.

Видови на налози

Член 9

Видови на налози што клиентот може да и ги даде на Брокерската куќа:

1. *Пазарен налог* - е дневен налог без утврдена цена.

2. *Лимитиран налог* - клиентот ја дефинира прифатливата цена закупување-највисоката цена или за продавање-најниската цена. Лимитиран налог за купување може да се реализира по утврдената цена или по пониска цена. Лимитиран налог за продавање може да се реализира по утврдената цена или по повисока цена.

Брокерската куќа ги прифаќа следните видови лимитирани налози за тргување:

- Налози со дополнителни услови за реализација:
  - налог изврши или откажи- се користи само за хартиите од вредност кои се тргуваат во режимот на аукциско тргување, во фазата на дополнително тргување. Се реализира единствено по аукциска цена, а нереализираната количина автоматски се отстранува од БЕСТ системот.
  - налог со скриена количина– на пазарот е прикажана само видливата количина/дел на налогот, а остатокот на налогот е внесен во системот како скриена количина.
- Налози со дополнителни услови за рокот на важност:
  - дневен налог– важи само на денот на внес на налогот во БЕСТ системот.

- налог со важност до одреден датум– важи се додека не се реализира или најмногу календарски денови од денот на неговото внесување.

• Налози со специјални услови за реализација на количината– се или ништо

– налогот се или ништо е дневен налог кој мора да биде извршен целосно преку една или повеќе истовремени трансакции. Налогот може да се користи само за хартии од вредност кои се тргуваат во режимот на континуирано тргување, во главната трговска фаза, а може да се тргува само по цени утврдени во рамки на динамичките лимити.

3. Пазарен во лимитиран - клиентот не утврдува ограничувања во цената, односно ја прифаќа најдобрата цена на пазарот, при што доколку налогот во фазата на отворен пазар не се изврши во целост остатокот од налогот се трансформира во лимитиран налог за преостанатата количина по цена по која е делумно извршен или по аукциската цена формирана во фазата на отворање на пазарот или при прекинувачка аукција.

4. Стоп налог - клиентот дефинира стоп цена, при што, во моментот на нејзиното достигнување на пазарот, налогот се активира како пазарен налог (стоп пазарен налог) или лимитиран налог (стоп лимитиран налог).

Извршување на налозите од клиентите

Член 10

Брокерската куќа ги извршува налозите дадени од клиентите на Македонската берза на хартии од вредност (во понатамошниот текст "Берза").

Согласно Правилата за тргување Берзата, Брокерската куќа може да пристапи кон реализација на налозите на клиентите за купување или продавање на хартии од вредност единствено преку БЕСТ системот, со исклучок на администраторските блок трансакции.

Брокерската куќа ги евидентира налозите на клиентите во согласност со соодветните прописи.

Брокерската куќа е должна веднаш по настанувањето на обврската за извршување на налогот на клиентот односно веднаш по евидентирање на прифаќањето на налогот во книгата на налози, да го внесе налогот на клиентот во БЕСТ системот.

Брокерската куќа е должна да го изврши налогот на клиентот, односно да склучи трансакција согласно дадените инструкции од клиентот веднаш штом условите на пазарот на хартиите од вредност дозволуваат негово извршување.

Брокерската куќа ги извршува налозите на клиентите за купување и/или продавање на хартии од вредност во согласност со приоритетот во книгата на налози.

Брокерската куќа не смее да купува и/или продава хартии од вредност за своја сметка или за сметка на лице вработено во Брокерската куќа, ако со ваквото купување или продавање би се оневозможило извршување на налог на клиент за купување и/или продавање или ако поради тоа тој налог би можел да се реализира по понеповолни услови за клиентот.

Процедури за извршување на налозите од клиентите под услови кои се поволни (во најдобар интерес) за клиентот

Член 11

Со Процедурите за извршување на налозите од клиентите под услови кои се поволни (во најдобар интерес) за клиентот се уредува постапката и местото на прием на налозите за тргување, битните елементи, местото и начинот на извршување на налозите за тргување, под услови кои се поволни (во најдобар интерес) за клиентот и можноста за давање на специфични инструкции од страна на клиентите за реализација на лимитираните налози и начинот на прием на истите.

Со цел извршување на налозите на клиентите под услови кои се поволни (во најдобар интерес) за клиентот, Брокерската куќа при извршувањето на налозите за тргување ќе ги земе предвид следните елементи: цена на хартиите од вредност; трошоци на извршување; брзина на извршување; веројатност на извршување на налогот; големина и вид на налогот; својство на налогот на клиентот (пазарен, лимитиран); други околности релевантни за извршување на налогот.

Релативната важност на овие критериуми Брокерската куќа ја оценува за секој поединечен налог, земајќи ги предвид условите на пазарот на хартии од вредност и своето професионално искуство.

Процедурите за извршување на налозите од клиентите под услови кои се поволни (во најдобар интерес) за клиентот се составен дел на Договорот со клиентот, при што со потпишувањето на Договорот, се смета дека клиентот се согласил со нивната содржина и дека во целост ги прифаќа.

Специфични инструкции кај лимитираните налози

Член 12

Клиентот може на Брокерската куќа да и даде лимитиран налог кои ќе содржи специфични инструкции за сите или за некои од елементите кои се важни за извршување на налогот, наведени во член 11 став 2 од овие Општи услови. Во тој случај Брокерската куќа е должна да го изврши налогот во согласност со добиените

инструкции од клиентот, при што обврската за постапување под услови кои се поволни (во најдобар интерес) за клиентот се смета за исполнета.

Лимитираните налози со дополнителни услови за реализација (изврши или откажи, налог со скриена количина); со дополнителни услови за рокот на важност (дневен налог, налог со важност до одреден датум кој не може да надминува 30 календарски денови од денот неговото внесување); со специјални услови за реализација (се или ништо), се сметаат за налози со специфични инструкции.

За лимитираните налози со специфични инструкции, се смета дека Брокерската куќа ги преземала сите неопходни активности за извршување на налогот под услови кои се поволни (во најдобар интерес) за клиентот, доколку веднаш го внесе налогот на клиентот во БЕСТ системот согласно Правилата за тргување на Берзата, постапувајќи според добиените специфични инструкции од клиентот.

Вкрстени трансакции

Член 13

Брокерската куќа може да склучува вкрстени трансакции во кои би се реализирал налог од клиент од една страна со налог на друг клиент, со налог на Брокерската куќа како принципал или со налог на вработен во Брокерската куќа од спротивната страна.

Надомест, трошоци и давачки

Член 14

За извршување на услугите на посредување при купопродажба на хартии од вредност клиентот на Брокерската куќа и плаќа надомест и и ги плаќа трошоците што произлегуваат и се поврзани со посредувањето, во висина и на начин, определен во секогаш важечкиот тарифник на Брокерската куќа, доколку со Договорот не е определено поинаку.

Клиентот е должен да ги плати надоместоците и трошоците од претходниот став на овој член пред извршувањето на налогот, освен ако со Договорот не е определено поинаку или ако Брокерската куќа не му постави на клиентот поинакви барања.

Во надоместот на Брокерската куќа покрај цената за нејзино извршување на услугите на посредување при купопродажба на хартии од вредност се пресметани и провизиите, односно трошоците од трансакциите со хартии од вредност и тоа берзански провизии и провизии на Централниот депозитар на хартии од вредност според важечкиот тарифник на овие институции.

Сите евентуални даноци, такси и други трошоци се на товар на клиентот и тој мора во случај тие да бидат платени од страна на Брокерската куќа да и ги врати на Брокерската куќа веднаш по известувањето од страна на Брокерската куќа, но најдоцна на денот на порамнувањето, освен ако поинаку не е определено.

Член 15

Без оглед на претходниот член на овие Општи услови, Брокерската куќа во случај на извршување на налогот за продажба, ќе ги пресмета и ќе ги наплати надоместокот, трошоците и даноците од претходниот член на овие Општи услови на товар на примените средства од продажбата на хартиите од вредност.

Доколку Брокерската куќа од која и да е причина нема да може во целост или делумно да ги пресмета и наплати надоместоците, трошоците и даноците од претходниот член на овие општи услови, од средствата од продажбата на хартии од вредност, се зема предвид истекот на рокот од претходниот член.

Депонирање на средства

Член 16

Клиентот се обврзува дека пред извршувањето на налогот за купување на клиентската сметка на Брокерската куќа ќе ги депонира потребните средства, согласно договорот, чија висина, за секој налог, зависно од неговиот вид и од условите на пазарот, го определува лице овластено од Брокерската куќа.

Паричните средства на клиентот дадени на Брокерската куќа за купување на хартии од вредност или паричните средства добиени со продажба на хартии од вредност на клиентот, Брокерската куќа ги чува на посебната сметка отворена за таа намена (сметката за порамнување).

Член 17

Брокерската куќа, во случај на повлекување на налогот за купување, во врска со кој клиентот депонирал средства на сметката за порамнување, неискористените средства ќе му ги уплати на клиентот на неговата сметка, по негово барање, а најдоцна во рок од 30 дена од денот на уплатата (односно првиот нареден работен ден).

Во случај на нереализирање на налогот или во случај ако има вишок на средства од депонираните средства за порамнување на обврските кои произлегуваат од налогот за купување (во продолжение: неискористени средства), се постапува согласно барањето на клиентот, а доколку клиентот не побара враќање на средствата, истите му се ислатуваат во целост по истекот на 30-тиот ден од денот на уплатата (односно првиот нареден работен ден).

Доколку клиентот бара средствата да му се вратат, Брокерската куќа е должна неискористените средства на клиентот да му ги уплати на неговата трансакциска сметка во деловна банка, во најкраток можен рок.

Депонираните средства, односно неискористените средства, не се сметаат за депозит и за нив не постои камата.

Паричните средства на сметката за порамнување можат да се употребат само во согласност со инструкциите на клиентот.

Брокерската куќа не смее да врши плаќања поврзани со склучените трансакции со хартии од вредност во свое име и за своја сметка од паричните средства на клиентите и не смее да ги користи паричните средства на еден клиент за сметка на кој било друг клиент.

Паричните средства на клиентите не влегуваат во имотот на Брокерската куќа во случај на стечај или ликвидација и не можат да се користат за намирување на обврските на Брокерската куќа, ниту да бидат предмет на принудна наплата за Брокерската куќа.

Депонирање на средства на клиентската сметка на Брокерската куќа по основ на купување ХВ од страна на клиентот

Член 18

Доколку клиентот, во согласност со член 17, односно член 18, од овие Општи услови на работење, на Брокерската куќа и депонирал средства на клиентската сметка за исполнување на паричните обврски од налогот за купување, износот платен за купување се порамнува од депонираните средства.

Ако Брокерската куќа не побарала депонирање на средства во времето на изготвување на налогот, или ако износот на депонираните средства не е доволен за порамнување на паричните обврски од купувањето на хартии од вредност, клиентот е должен веднаш по известувањето од страна на Брокерската куќа да ги доплати потребните парични средства .

Уплата на средствата од продажба

Член 19

Брокерската куќа се обврзува по порамнувањето на обврските да го уплати износот на примените средства од извршениот налог за продажба, намален за одбитоците во согласност со овие Општи услови и Договорот, исклучиво (освен во случаите пропишани со закон кога не зависи од волјата на клиентот) во име и за сметка на клиентот на неговата трансакциска сметка во деловна банка, најдоцна следниот работен ден од приемот на средствата од продажбата.

Доколку клиентот даде писмена инструкција паричните средства од продажба на хартиите од вредност да не му се исплатуваат на неговата сметка, односно истите да останат на сметката за порамнување на Брокерската куќа, во тој случај паричните средства може да останат на сметката за порамнување најмногу 30 дена од денот на порамнување на продажната трансакција.

Доколку клиентот во рок од 30 дена не реализира ниту една куповна трансакција, Брокерската куќа е должна паричните средства од продажбата да му ги исплати во целост по истекот на 30-тиот ден (односно првиот наредeн работен ден).

Доколку клиентот во рок од 30 дена реализира куповна трансакција чија вредност е пониска од средствата кои се на сметката за порамнување врз основа на писмената инструкција на клиентот од став 2, Брокерската куќа е должна по истекот на 30-тиот ден (односно првиот наредeн работен ден) да ја исплати разликата односно преостанатите парични средства во целост.

Доколку во периодот од 30 дена клиентот континуирано врши купување и продавање на хартии од вредност рокот од 30 дена од денот на порамнување на продажната трансакција ќе се смета по методот FIFO (прв влезен прв излезен).

Пресметка за извршената работа

Член 20

Брокерската куќа е должна да го извести клиентот за склучување и порамнување на трансакцијата со хартии од вредност, преку доставување писмен извештај за склучување и порамнување на секоја трансакција со хартии од вредност, во рок од два дена по денот на порамнувањето.

Брокерската куќа, согласно Договорт, му го доставува на клиентот извештајот од став 1 на овој член лично или преку препорачана пошта, на адресата на клиентот наведена во Договорот.

Извештајот од став 1 на овој член може да се достави и по електронски пат, со писмена согласност на клиентот, на адресата на електронската пошта на клиентот наведена во неговата писмена согласност.

Писмениот извештај содржи податоци за: називот на издавачот и хартиите од вредност со кои е тргувано; видот, родот и класата на хартиите од вредност со кои е тргувано; видот на налогот – куповен или продажен; количината на хартиите од вредност со кои е тргувано; цената по која хартиите од вредност се купени,

односно продадени; надоместокот за извршената трансакција; датумот на приемот на налогот за тргување и датумот на порамнување на трансакцијата.

За ден на доставување ќе се смета денот кога извештајот е лично примен од клиентот, денот кога извештајот соодветно адресиран е поднесен во пошта, а при достава преку електронска пошта, во моментот на испраќање, доколку не е вратена повратна порака за грешка во испраќањето.

Судир на интереси

Член 21

Брокерската куќа е должна да ги извести клиентите за сите можни судири на интереси меѓу клиентите, брокерската куќа и/или другите клиенти во Брокерската куќа.

Брокерската куќа е должна да работи на начин со кој ќе се минимизира можноста за судир на интереси меѓу клиентите, Брокерската куќа и/или лицата вработени во Брокерската куќа.

Ризици

Член 22

Брокерската куќа е должна да се обиде да ги добие сите потребни информации од клиентите во врска со нивното искуство во вложување во хартии од вредност и нивните финансиски можности и цели, значајни за заштита на нивните интереси, по пат на пополнување образец "Формулар за нов клиент".

Вложувањата во хартии од вредност се ризични поради што клиентот, со самото потпишување на Договорот, потврдува дека е свесен и дека го прифаќа ризикот дека вредноста на хартиите од вредност може неочекувано да се промени заради движењата на пазарот и други фактори што влијаат на пазарот на хартии од вредност, врз коишто Брокерската куќа нема никакво влијание.

Брокерската куќа на клиентот не му ја гарантира профитабилноста на хартиите од вредност и не одговара пред клиентот или пред кое и да е друго лице за евентуалната посредна или непосредна штета, обврски и/или загуба, што настанале како последица од извршување на овие Општи услови и Договорот. Исто така, Брокерската куќа не ја превзема одговорноста за последиците од одлуките на клиентот во врска со Договорот.

Инвестиционо советување

Член 23

Клиентот, во насока на што подобро реализирање на налозите за тргување со хартии од вредност, може да побара инвестиционо советување од страна на Брокерската куќа, која смее согласно со пропишаните правила и прописи да посредува со сите расположиви информации, односно податоци за поодделните хартии од вредност или за општи ситуации на пазарот на хартии од вредност.

За вршење на овој вид на услуга Брокерската куќа и клиентот склучуваат посебен договор.

Во посебниот договор клиентот и Брокерската куќа, во поглед на бараното инвестиционо советување од страна на клиентот се договара секое барање посебно и се утврдува висината на надоместокот и начинот на плаќање за извршената услуга согласно важечкиот Тарифник на Брокерската куќа.

Ризикот и одлучувањето во врска со работењето со хартии од вредност го презема клиентот.

Портфолио менаџмент

Член 24

Управување со портфолио на хартии од вредност е управување со хартиите од вредност како и со паричните средства на клиентот и нивното вложување во хартии од вредност врз основа на посебен Договор склучен помеѓу Брокерската куќа и клиентот (во понатамошниот текст "Договор за портфолио менаџмент").

Договорот за портофолио менаџмент се склучува во писмена форма и мора да го утврди износот на паричните средства што клиентот и ги доверува на Брокерската куќа; политиката на вложување на клиентот; изјава на клиентот во која наведува дека ги прифаќа условите и превземените ризици од инволвираноста во тргувањето со финансиски инструменти; видот, содржината и фреквенцијата на доставување на извештаите за извршените активности од страна на Брокерската куќа до клиентот; висината на надоместокот за вршење на работи на управување со портфолио и начинот на пресметување на истиот и можност за клиентот да го раскине Договорот за портфолио менаџмент.

Портфолиото на хартии од вредност го сочинуваат сите хартии од вредност коишто клиентот ќе ги внесе во портфолиото или кои ќе бидат стекнати во текот на траењето на Договорот за портфолио менаџмент, како и сите парични средства кои ќе произлезат од управувањето со портфолиото на клиентот. Поимот хартии од вредност се однесува само на оние хартии од вредност кои се опфатени со дефиницијата на тој поим содржана во Законот за хартии од вредност.

Услугата портфолио менаџмент Брокерската куќа ја извршува во свое име , а за сметка на клиентот.

Пред склучување на Договорот за портфолио менаџмент со клиентот Брокерската куќа обезбедува податоци од клиентот за неговите инвестициски цели, финансиските можности и знаењето и искуството на клиентот во инвестирањето во хартии од вредност.

Портфолио менаџментот опфаќа:

- Отворање на портфолио сметка на хартии од вредност во име на Брокерската куќа, а за сметка на клиентот
- Избор на инвестициона политика врз основа на интерна анализа и движењата на пазарот
- Купување и продавање на хартии од вредност за портфолиото
- Пресметка на вредноста на портфолиото на клиентот и доставување извештаи до клиентот
- Примање дивиденди, камати и главници и сите останати парични приливи кои произлегуваат од хартиите од вредност во портфолиото
- Извршување на останати работи кои се потребни за остварување на право на глас и останати права на клиентот, кои произлегуваат од хартиите од вредност во портфолиото
- Секојдневно следење на состојбата на портфолиото
- Известување на клиентот за вредноста на портфолиото на начин дефиниран во Договорот за портгфолио менаџмент
- Извршување на сите останати работи потребни за управување со портфолио.

Брокерската куќа ја извршува услугата портфолио менаџмент во согласност со инвестициските цели на клиентот и избраната инвестициона политика, почитувајќи ја законската и подзаконската регулатива и интерните акти. При тоа, постапува совесно и со внимание на добар стопанственик, водејќи секогаш сметка за интересите на Клиентот.

За целите на водење на портфолиото клиентот се обврзува да ги уплати паричните средства на посебната сметка на Брокерската куќа во рок од 3 дена од датумот на склучување на Договорот за портфолио менаџмент.

Во случај Клиентот да не го уплати износот од претходниот став во договорениот рок, ќе се смета дека Договорот за портфолио менаџмент не е склучен.

Паричните средства и хартиите од вредност кои се дел од портфолиото на клиентот се чуваат на посебна банкарска сметка за парични средства односно посебна сметка на хартии од вредност, одвоено од сметките на кои се чуваат паричните средства и хартиите од вредност на Брокерската куќа.

Брокерската куќа прави периодични пресметки на пазарната вредност на портфолиото и му доставува на клиентот периодични извештаи за состојбата и промените на портфолиото на клиентот.

Пазарната вредност на портфолиото на клиентот се пресметува според официјалните дневни просечни цени на хартиите од вредност од портфолиото на денот на пресметката.

Периодичниот извештај се доставува најмалку еднаш во 6 (шест) месеци. Клиентот може по писмен пат да побара периодичниот извештај да му се доставува на секои 3 (три) месеци.

За извршување на услугата на управување со портфолио на хартии од вредност, клиентот на Брокерската куќа и плаќа надомест и и ги плаќа трошоците што произлегуваат и се поврзани со извршувањето на услугата, во висина и на начин, определен во важечкиот тарифник на Брокерската куќа, доколку со Договорот за портфолио менаџмент не е определено поинаку.

Посредно управување со портфолио на хартии од вредност

Член 25а

Посредно управување со портфолио на хартии од вредност е вршење услуги за домашниот и за странски пазари на хартии од вредност по налог на Друштво за инвестициско советување (во понатамошниот текст „Управувач“), а за сметка на индивидуален клиент сопственик на портфолио, врз основа на трипартитен Договор за управување со портфолио на хартии од вредност склучен помеѓу Брокерската куќа, Клиентот и Управувач кој има дозвола од страна на Комисијата за хартии од вредност за извршување на услуги со хартии од вредност согласно член 148 од Законот за хартии од вредност (во понатамошниот текст “Трипартитен договор“), со кој договорните страни можат да одредат и дополнителни права и обврски, надвор од правата и обврските определени со Општите услови.

Трипартитниот договор се склучува во писмена форма и ги определува износот на паричните средства што клиентот му ги доверува на Управувачот за посредно управување; политиката на вложување на клиентот; изјава на клиентот во која наведува дека ги прифаќа условите и превземените ризици од инволвираноста во тргувањето со финансиски инструменти; видот, содржината и фреквенцијата на доставување на извештаите за извршените активности од страна на Брокерската куќа до Управувачот; висината на надоместоците за вршење на работи на посредно управување со портфолио за сметка на индивидуалниот клиент и начинот на пресметување на истите и можност за клиентот да го раскине Трипартитниот договор.

Брокерската куќа ги врши следните услуги:

- Отворање на портфолио сметка во име на Управувачот, а за сметка на клиентот во Централниот депозитар за хартии од вредност;
- Прием на налози од Управувачот за купување и продавање на хартии од вредност за портфолио сметката на клиентот и нивното извршување на Македонската берза на хартии од вредност;
- Проследување на Изводи од Централен депозитар за хартии од вредност до Управувачот за состојбата на хартиите од вредност на протфолио сметката на клиентот, во електронска форма, на барање на Управувачот;
- Проследување на извештај за состојбата на паричните средства на наменската парична сметка, во електронска форма, на барање на Управувачот;
- Презема и други активности во согласност со законските прописи, по налог на Управувачот, а за сметка на клиентот.
- Врши пресметка на вредноста на портфолиото на клиентот
- Изработува квартални задолжителни извештаи за вредноста на портфолиото на клиентот, како и пресметки на наплатените провизии

При давањето на услугите од претходниот став на овој член, Брокерската куќа има обврска и одговорност за:

- чување на паричните средства на члиентот на наменската парична сметка;
- следење на состојбата на портфолиото, во насока на негово вреднување;
- известување на Управувачот за вредноста на портфолиото;
- пресметка на надоместоците кои му припаѓаат на Управувачот за услугите кои му ги дава на клиентот.

Член 25б

Политиката на вложување ја определуваат Управувачот и клиентот.Брокерската куќа нема никаква обврска ниту одговорност за проценка на клиентот, неговите инвестициони цели, неговото претходно знаење, искуство и разбирање за ризиците поврзани со вложување во хартии од вредност, изборот на инвестиционата политика при формирање и/или промена на портфолиото на хартии од вредност, како ни за сите останати работи потребни за управување со портфолиото на хартии од вредност.

Член 25в

Брокерската куќа врз основа на Трипартитниот договор на Управувачот му доставува:

- Извештаи за реализирани налози за купување и/или продавање на хартии од вредност
  Брокерската куќа се обврзува да изготви извештај за Управувачот за реализираните налози за купување и/или продавање на хартии од вредност, согласно член 21 од овие Општи услови и да му го достави на Управувачот во рок од два дена по денот на порамнувањето, лично или преку електронска пошта.
- Квартални задолжителни извештаи за вредноста на портфолиото на клиентот како и пресметки на наплатените провизии и други надоместоци;
  Брокерската куќа на Управувачот му испраќа квартален извештај не подоцна од 15 дена по завршување на кварталот со следната содржина:
  - пресметка на вредноста на портфолиото;
  - квартален преглед на почетната и крајната состојба на портфолиото;
  - квартален преглед на приносот на портфолиото;
  - квартален преглед на наплатените провизии и надоместоци;
  - квартален преглед на сите извршени трансакции на квартална основа.
- Пресметки за наплата на влезна, провизија на успех, управувачка и излезна провизија;
  Брокерската куќа доставува пресметка за наплата на влезна провизија до Управувачот во рок од 5 дена од денот на уплатата на паричните средства и/или преземањето на хартиите од вредност под управување.
  Брокерската куќа доставува пресметка за наплата на провизија на успех до Управувачот во рок од 15 дена од денот на завршување на кварталот.
  Брокерската куќа доставува пресметка за наплата на управувачка провизија до Управувачот во рок од 15 дена од денот на завршување на месецот.
  Брокерската куќа доставува пресметка за наплата на излезна провизија до Управувачот во рок од 5 дена од поднесувањето на писмено известување за раскинување на Договорот или од денот на поднесеното барање за делумна исплата од портфолиото.

- Извештаи со состојбата на хартиите од вредност и состојбата на паричните средства на клиентот;
  Брокерската куќа доставува до Управувачот извештаи за состојбата на хартиите од вредност на портфолио сметката клиентот и за состојбата на паричните средства на клиентот на наменската парична сметка на Брокерската куќа, по барање на Управувачот.

Член 25г

При давањето на услуги на посредно управување со портфолио на хартии од вредност на домашен пазар - Берза, Брокерската куќа отвора портфолио сметка во име на Управувачот, а за сметка на клиентот во Централниот депозитар за хартии од вредност.

Брокерската куќа посредува во тргување со акции, обврзници и други инструменти што согласно Законот за хартии од вредност се дефинирани како хартии од вредност, кои се котирани односно регистрирани на некој од пазарите на Берзата.

Брокерската куќа посредува во тргување со хартиите од вредност, за портфолио сметката на клиентот, исклучиво врз основа на налози за тргување дадени од Управувачот.

Налозите за тргување Управувачот ги дава на начин определен со овие Општи услови и со Трипартитниот договор.

Брокерската куќа ќе врши прием на следните видови на налози за тргување:

- лимитиран налог
- пазарен налог

Налозите за тргување на Управувачот мора да содржат прецизни инструкции за: клиентот за чија сметка се дава налогот (име и презиме за физичко лице, односно назив за правно лице и матичен број на клиентот), број на портфолио сметка на клиентот во Централниот депозитар за хартии од вредност, типот на налогот (за продажба, за купување), назив и опис на хартијата од вредност, издавачот на хартијата од вредност, количината на хартијата од вредност, цена по која треба да се изврши налогот (освен за пазарниот налог), видот на налогот согласно Општите услови на Брокерската куќа, датум, час и минута на давање на налогот, рокот на важност на налогот, потпис на Управувачот.

Со давање на секој налог за купување на хартии од вредност за портфолио сметката на клиентот, Управувачот истовремено изјавува дека е запознаен со сите елементи на истиот како и со сите услови што произлегуваат од куповните налози во согласност со Правилата за тргување на Берзата.

Исто така, Управувачот со давањето на налогот истовремено изјавува дека е запознаен со целокупната законска регулатива во врска со тргувањето и работата со хартии од вредност, а особено со Законот за хартии од вредност, Законот за преземање на акционерските друштва, со специфичностите наведени во Законот за банки, Законот за супревизија на осигурување и други прописи со кои се ограничува стекнувањето на хартии од вредност без претходна дозвола, одобрение или согласност од надлежен орган.

Со давање на секој налог за продавање на хартии од вредност од портфолио сметката на клиентот, Управувачот истовремено изјавува дека е запознаен со сите елементи на истиот како и со сите услови што произлегуваат од продажните налози во согласност со Правилата за тргување на Берзата и дека хартиите од вредност кои се предмет на налогот за продавање се ослободени од секаков залог и товар.

Со давање на секој налог за тргување за портфолио сметката на клиентот, Управувачот истовремено изјавува дека е запознаен со правната регулатива од областа на тргување со хартии од вредност и дека е свесен за потенцијалните ризици од вложувањето во хартии од вредност, како и дека неговите инвестициски одлуки ги донесува самостојно и независно и е подготвен да ги сноси сите позитивни и негативни последици од вложувањето во хартии од вредност.

Примањето на налогот за тргување на Управувачот не претставува и негово прифаќање.

Брокерската куќа ќе го потврди приемот на налогот за тргување на Управувачот преку негово прифаќање или одбивање, во форма и на начин утврден со закон и подзаконската регулатива.

Со прифаќањето на налогот од страна на Брокерската куќа настанува обврска за негово извршување.

Откако ќе го прифати налогот на Управувачот, Брокерската куќа е должна веднаш да го внесе во системот за тргување на Берзата согласно Правилата за тргување на Берзата.

Брокерската куќа може да одбие реализација на налог даден од страна на Управувачот доколку процени дека неговата реализација е спротивна на законските и подзаконските прописи. Брокерската куќа е должна на Управувачот писмено да му ги образложи причините за одбивање на налогот.

Паричните средства за посредно управување со неговото портфолио на хартии од вредност, клиентот ги уплаќа на наменската парична сметка на Брокерската куќа однапред т.е. пред извршувањето на првиот налог за купување даден од Управувачот за портфолио сметката на клиентот.

Брокерската куќа нема да ги прифати налозите за купување дадени од Управувачот за портфолио сметката на клиентот доколку клиентот нема воопшто или нема доволно парични средства на наменската парична сметка на Брокерската куќа.

Освен парични средства, клиентот како уплата за водење на портфолио на хартии од вредност може да достави до Брокерската куќа хартии од вредност кои веќе се наоѓаат на сопственичка сметка на клиентот во

Централниот депозитар за хартии од вредснот. Во таков случај, Управувачот е должен да достави писмена согласност до Брокерската куќа која содржи список на хартии од вредност и нивните количини кои клиентот ги отстапува на Управувачот за посредно управување со портфолио и кои се согласува да бидат пренесени од сопственичката сметка на клиентот на неговата портфолио сметка во Централниот депозитар за хартии од вредност.

По секоја промена во структурата на портфолиото на клиентот, Брокерската куќа се обврзува без одложување, а најдоцна следниот работен ден по денот на тргувањето да изготви извештај за Управувачот за реализираните налози за купување и/или продавање на хартии од вредност, назначувајќи ги меѓу другото постигнатите услови во поглед на количината и цената на хартиите од вредност и во рок од два дена по денот на порамнувањето истиот да му ги достави на Управувачот лично или преку електронска пошта на електронската адреса наведена во Трипартитниот договор.

Клиентот со потпишување на Трипартитниот договор потврдува дека е запознаен со постоењето на даночни обврски и дека извршувањето на истите е исклучиво негова одговорност.

Член25д

Брокерската куќа врши пресметка на вредноста на портфолиото на клиентот според последната објавена цена на инструментот во кои се вложени средствата.

Брокерската куќа ја пресметува вкупната вредност на портфолиото, на клиентот со последниот ден од месецот.

Вкупната вредност на портфолиото на денот на вреднување претставува збир на вредноста на сите видови средства. Нето вредноста на портфолиото се пресметува врз основа на пазарните вредности на хартиите од вредност со одземање на утврдените обврски. Паричните средства и хартиите од вредност, коишто се изразени во странска валута се пресметуваат во МКД според официјалниот среден курс на НБРСМ на денот на пресметката на вредноста на портфолиото.

За сопственичките и долгорочни должнички хартии од вредност со кои се тргува на Берзата за објективна вредност на денот на пресметката се смета официјалната дневна цена на определена хартија од вредност постигната на Берзата.

Член 25ѓ

Вредноста на портфолиото на клиентот се утврдува четири пати во одделна календарска година и тоа според состојбата на ден 31 март, 30 јуни, 30 септември и 31 декември (во продолжение: пресметковни периоди).

Добивката на клиентот е разликата помеѓу вредноста на портфолиото на денот на утврдување и на највисоката пресметана вредност на портфолиото во претходните пресметковни периоди. При пресметката се земаат во предвид сите уплатени и исплатени парични средства во и од портфолиото и предавањето на хартиите од вредност во и од портфолиото во периодот за кој се утврдува добивката.

Дивидендите и каматите кои произлегуваат од инвестирањето на средствата се вклучуваат во вкупната вредност на портфолиото на денот на стекнување на правата над истите.

Провизијата на успех се наплатува по завршување на пресметковниот период. Доколку во пресметковниот период не е остварена добивка за Клиентот, Управувачот нема право да наплати провизијата на успех додека вредноста на портфолиото повторно не го достигне ниво над нивото на последната највисока пресметана вредност на Портфолиото.

За објективна вредност на хартиите од вредност вклучени во портфолиото за цел на пресметка ќе се смета официјалната дневна цена на определената хартија од вредност постигната на Берзата на последниот ден од кварталот за кој се прави пресметката.

Кварталните извештаи за пресметката вредноста на портфолиото на клиентот Брокерската куќа ги доставува до Управувачот согласно член 25в став 1 точка 2 од овие Општи услови.

Член 25е

Портфолиото на клиентот го сочинуваат уплатените парични средства и предадените хартии од вредност на управување. Почетниот износ на портфолиото се одредува како збир од уплатените парични средства на клиентот и предадените хартии од вредност. При тоа цената на хартиите од вредност се утврдува според последната официјално објавена цена на Берзата.

Почетното портфолио на клиентот врз основа на Трипартитниот договор го утврдува Брокерската куќа и во рок од два работни дена по префрлање на договорените парични средства и хартии од вредност на клиентот се издава пресметка за почетната вредност на портфолиото, само доколку во портфолиото се внесуваат хартии од вредност.

Тековната вредност на портфолиото на Клиентот се утврдува според последната официјално објавена цена на Берзата за секој инструмент поединечно.

Член 25ж

Доколку клиентот ја зголемува вредноста на портфолиото со уплаќање на парични средства односно со префрлање на хартиите од вредност во портфолиото, новата вредност на портфолиото се утврдува, така што се почитува највисоката пресметковна вредност на портфолиото на клиентот пред зголемувањето, зголемена за сумата од парични средства и префрлените хартии од вредност, кои се вреднуваат во согласност со претходниот член. Брокерската куќа прави пресметка за новата вредност на портфолиото.

Член 25з

Доколку клиентот ја намалува вредноста на портфолиото по негово барање, Управувачот ги продава хартиите од вредност од портфолиото и ги префрла паричните средства на трансакциска сметка на клиентот или му ги предава хартиите од вредност од портфолиото. Новата вредност на портфолиото се утврдува така што се почитува највисоката пресметковна вредност на портфолиото на клиентот пред намалувањето, намалена за сумата од паричните исплаќања или предадените хартии од вредност, кои се вреднуваат во согласност со член 25д од овие Општи услови. Брокерската куќа прави пресметка за новата вредност на портфолиото.

Член 25ѕ

Брокерската куќа за извршувањето на услуги при посредно управување со портфолио на хартии од вредност пресметува надоместоци согласно Тарифникот на Брокерската куќа.

Сите трошоци кои ќе произлезат од користење на брокерските и старателските услуги при посредно управување со портфолио на хартии од вредност се на товар на портфолиото на клиентот и се надоместуваат во согласност со Тарифникот и Општите услови на Брокерската куќа.

Надоместоците на Брокерската куќа за услугите од став 1 на овој член се наплаќаат од средствата на клиентот кои се наоѓаат на наменската парична сметка на Брокерската куќа или на друг начин во согласност со овие Општи услови.

Освен надоместоците согласно Тарифникот, Брокерската куќа врши пресметка и наплата и на провизиите и надоместоците кои му припаѓаат на Управувачот:

- Влезна провизија на вкупно инвестираните средства (пари и/или хартии од вредност).
- Провизија на успех на вкупната добивка која се утврдува согласно член 25ѓ од овие Општи услови.
- Управувачка провизија - Управувачот наплаќа годишна управувачка провизија која се пресметува врз основа на месечната нето вредност на Портфолиото,
- Излезна провизија - само во случај кога клиентот делумно или целосно ги повлекува средствата од портфолиото на свое барање.

Брокерската куќа за сите провизии и надоместоци кои му припаѓаат на Управувачот изготвува пресметка, која преку Управувачот се доставува до клиентот, а клиентот е должен да ја плати во рок од 14 дена по доставата. Доколку клиентот не ја плати во предвидениот рок, Брокерската куќа го задржува правото на наплата на обврските на клиентот од паричните средства на клиентот на наменската парична сметка на Брокерската куќа. Во случај клиентот да нема доволно парични средства за порамнување на обврските, Управувачот го задржува правото да продаде хартиии од вредност и од продажбата Брокерската куќа да ги намири обврските.

Брокерската куќа ги исплаќа средствата од наплатените провизии кои му припаѓаат на Управувачот, по доставување на фактура од страна на Управувачот.

Член 25и

Паричните средства добиени по продажбата на хартиите од вредност на клиентот за намалување или промена на портфолиото, Брокерската куќа ги чува на наменската парична сметка во согласност со член 18 од овие Општи услови, се до следно купување на хартии од вредност или до промена на условите или престанок на Трипартитниот договор.

Член 25ј

При раскин на Трипартитниот договор, од која било договорна страна која ќе достави писмено известување до останатите две страни, Брокерската куќа е должна во рок од десет работни дена сметано од денот на поднесување на писменото известување со кое се откажува договорот да изработи Извештај со пресметки на сите провизии и надоместоци согласно Тарифникот и Општите услови на Брокерската куќа и на Управувачот, а Управувачот истиот да го достави до клиентот. Клиентот е должен да ги намири сите обврски по доставените пресметки во рок од 14 дена. Доколку клиентот не ги намири обврските во предвидениот рок, Брокерската куќа го задржува правото на наплата на обврските на клиентот од паричните средства на клиентот на наменската парична сметка на Брокерската куќа. Во случај клиентот да нема доволно парични средства за

порамнување на обврските, Управувачот го задржува правото да продаде хартиии од вредност и од продажбата Брокерската куќа да ги намири обврските.

Брокерската куќа ги исплаќа средствата од наплатените провизии кои му припаѓаат на Управувачот, по доставување на фактура од страна на Управувачот.

Клиентот е должен во отказниот рок преку Управувачот да достави до Брокерската куќа податоци за својата лична сопственичка сметка во Централниот депозитар за хартии од вредност. Хартиите од вредност кои се на портфолио сметката на клиентот ќе се префрлат на неговата сопственичка сметка во Централниот депозитар за хартии од вредност.

Доколку до истекот на отказниот рок клиентот не постапи по своите договорни права и обврски и/или доколку клиентот не достави соодветни податоци за сопственичка сметка во Централниот депозитар за хартии од вредност согласно претходниот став од овој член, Брокерската куќа може да го ликвидира целото портфолио на клиентот и да ги исплати само во парични средства на трансакциската сметка на Клиентот.

Член 25к

Давањето на услуги на посредно управување со хартии од вредност на странски пазари е регулирано со актот кој го уредува на начинот и постапката на работење со налози за тргување на странски пазари од член 5а на овие Општи услови.

Ризици поврзани со портфолио менаџмент и посредно управување со портфолио на хартии од вредност
Член 25л

Вложувањето во финансиски инструменти секогаш е поврзано со преземањето на одредени ризици. Најчести ризици се:

Ризик на ликвидност - способност за продажба на финансиски инструмент или затворање на позиција во некој финансиски инструмент по пазарна цена во кое било време. Во случај на неликвиден пазар, давањето налог на продавање на вообичаена количина може да предизвика значајни флуктуации во цената, а може и налогот да не може воопшто да се изврши или да може да се изврши единствено по значително пониска цена.

Кредитен ризик - Кредитен ризик е веројатноста дека страната која е вклучена во трансакција (на пр. издавач на хартии од вредност) нема да биде во можност да ги подмири своите обврски, целосно или делумно. Ова важи, на пример, на исплата на купонска камата, отплата на доспеана главница и др.

Каматен ризик (ризик од промена на каматните стапки) - Ризикот од промена на каматните стапки претставува можност за загуба во случај на промена на висината на каматната стапка на финансискиот пазар (на пример, растот на референтната каматна стапка на пазарот може да предизвика пад на цената на должничките хартии од вредност).

Ризик од промени во цената на финансиските инструменти (пазарен ризик) - Пазарен ризик претставува можност за пад на цените на одделни финансиски инструменти, што може да доведе до намалување на приносот или намалување на вредноста на портфолиото.

Ризикот од целосна загуба - Овој вид ризик претставува можност дека некоја инвестиција целосно ќе ја изгуби својата вредност.

Ризикот од промени во даночните и другите прописи - Ризик од промена на прописите претставува веројатност дека даночните или други прописи ќе се променат на начин кој негативно ќе влијае на приносот.

Клиентот во целост го превзема ризикот од загуба до која би можело да дојде со намалување на вредноста на портфолиото како резултат на падот на пазарната вредност на хартиите од вредност поради причини на кои Брокерската куќа, извршувајќи ги обврските со внимание на добар стопанственик, не можела да влијае, ниту да ги предвиди.

Брокерската куќа на клиентот не му гарантира раст на вредноста на портфолиото, ниту презема одговорност за намалување на вредноста на портфолиото, во кој било случај, освен во случаји кои се определени со Општите услови или со договорите.

Чување на хартии од вредност
Член 26

Чување на хартии од вредност е посебна услуга која Брокерската куќа ја дава врз основа на посебен Договор склучен помеѓу Брокерската куќа и клиентот, а во кој детално се уредуваат правата и обврските помеѓу Брокерската куќа и клиентот.

Договор за чување на хартии од вредност е договор со кој се уредува начинот на отварање и водење на сметки на хартии од вредност за клиенти во депозитар, отварање и водење на сметки на хартии од вредност за клиенти кои не се сопственици на тие хартии од вредност, а за сметка на нивните клиенти и други услуги со хартии од вредност по налог на клиентот (исплата на доспеани побарувања од издавачите врз основа на доспеани хартии од вредност, исплата на дивиденда и/или камата, известување

за собранија на акционерите и застапување на тие собранија, плаќање на даночни обврски на клиентот врз основа на хартии од вредност во негова сопственост и слично).

Пред извршување на оваа услуга Брокерската куќа и клиентот задолжително склучуваат Договор во писмена форма во кој подетално се уредуваат меѓусебните права и обврски при давањето на овој вид на услуга од страна на Брокерската куќа. Со хартиите од вредност кои се водат на посебна сметка во Брокерската куќа, може да се располага само по налог на клиентот – налогодавачот.

Хартиите од вредност кои за сметка на клиентот се водат на посебна сметка во Брокерската куќа се во сопственост на клиентот и не влегуваат во имотот на Брокерската куќа, во ликвидационата односно стечајна маса, ниту пак можат да се користат за намирување на обврските на Брокерската куќа.

За извршената услуга чување на хартии од вредност, Брокерската куќа му наплаќа на клиентот надоместок кој се утврдува во Договорот склучен помеѓу Брокерската куќа и клиентот.

Заеднички одредби

Водење и чување на документацијата

Член 27

Брокерската куќа смее во согласност со секогаш важечките прописи да собира, да води, да обработува и да чува податоци поврзани со овие Општи услови чиј што обем и рок на чување ќе биде во согласност со законските прописи и утврден со интерните акти на Брокерската куќа.

Грижа

Член 28

При извршување на работи според овие Општи услови Брокерската куќа ќе се однесува со внимание на добар стопанственик и стручњак и согласно со соодветните прописи.

Член 29

Клиентот се обврзува дека за непречено извршување на давањето брокерски услуги во берзанската трговија со хартии од вредност од страна на Брокерската куќа, на нејзино барање, ќе и испорача, односно ќе и посредува соодветна документација, односно информации и податоци.

Клиентот е должен да ја известува Брокерската куќа за сите околности, коишто се важни за извршување на услугите на Брокерската куќа во согласност со овие Општи услови и Договорот.

Одговорност

Член 30

Без оглед на другите одредби на овие Општи услови:

(I) Брокерската куќа пред клиентот или трети лица не одговара за евентуалната непосредна или посредна штета, обврските и/или загубата, настанати како последица на исполнувањето на обврските на Брокерската куќа согласно овие Општи услови и договорот, освен во случај на нејзино делување со умисла или голема негрижа, чијашто содржина се оценува во согласност со стандардите за грижливост на добар стопанственик.

(II) Клиентот се обврзува дека на Брокерската куќа ќе и ја плати секоја штета, трошоци и дека воопшто ќе ја ослободи од сите обврски настаната кон Брокерската куќа од односот кон кое и да е лице, коишто се последица од извршувањето на услугите според овие Општи услови и Договорот, освен во случај на однесување со умисла или голема негрижа на Брокерската куќа, чијашто содржина се оценува согласно со стандардите за грижливост на добар стопанственик.

Член 31

Клиентот ги презема од Брокерската куќа сите обврски од услугите според овие Општи услови и Договорот, коишто Брокерската куќа ги извршила за нејзина сметка.

Доцнење со плаќање

Член 32

Клиентот, во случај на доцнење со плаќање на која и да е доспеана и непорамнета обврска, според овие или во врска со овие Општи услови и Договорот, е должна на Брокерската куќа да и плати и законска казнена камата.

Промени на Општите услови на работењето

Член 33

Во случај на промена на соодветните прописи или/и одлуки на кој и да е орган на власта, односно орган со јавни овластувања, коишто влијаат на исполнувањето на обврските на Брокерската куќа, според овие или во врска со овие Општи услови и Договорот (во продолжение: промена на прописи), Брокерската куќа според сопствена проценка и одлука има право:

(I) да ги измени, односно да ги дополни овие Општи услови, односно наведениот договор, во согласност со таквата промена на прописите и согласноста на клиентот, или

(II) да отстапи од наведениот договор.

Ако клиентот, во случај под (I) од претходниот став од овој член, не се согласува со таква промена, односно дополнување, Брокерската куќа има право веднаш да отстапи од наведените договори.

Се претпоставува дека клиентот се согласува со промените на Општите услови на работење и наведените договори, ако во рок од 7 работни дена од денот на објавувањето на истите во просториите на Брокерската куќа писмено не ја извести Брокерската куќа за тоа дека не се согласува со тие промени, односно дополнувања.

Член 34

Без оглед на одредбата од претходниот член на овие Општи услови, Брокерската куќа има право едностранo да ги промени, односно да ги дополни овие Општи услови, доколку со таквите промени, односно дополнувања, суштински не задира во правата и обврските на клиентот (вопродолжение: суштински промени), според овие и во врска со овие Општи услови и договорот.

Во случај на суштински промени Брокерската куќа има право да отстапи од наведените договори, ако клиентот не се согласува со нив.

Член 35

На се што не е регулирано со Општите услови и посебните договори ќе се применуваат важечките законски и подзаконски акти со сите измени и дополнувања кои ќе бидат донесени за време на траењето на деловниот однос.

Ако со законските и подзаконските акти по влегување во сила на овие Општи услови или поединечните договори некое прашање е поинаку решено ќе се применуваат одредбите од релевантниот пропис се до усогласување на Општите услови.

Непочитување на обврските

Член 36

Во случај на непочитување на обврските согласно со овие и во врска со овие Општи услови и Договорот, (во продолжение: непочитување на договорните обврски) секоја страна може да го откаже договорот во рок од 30 дена и да бара оштета од другата договорна страна.

Член 37

Клиентот е согласен:

(I)дека Брокерската куќа, во случај клиентот да не ги почитува договорните обврски, има право да ги наплати побарувањата, коишто според и во врска со овие Општи услови и Договорот, ги добила за клиентот и

(II) дека депонираните парични средства на клиентот, коишто се уплатени на клиентската сметка на Брокерската куќа, а ги добила во врска со хартиите од вредност за клиентот, односно кои Брокерската куќа ги добила врз основа на (I)точка од овој член, Брокерската куќа има право да ги смета за средства за покривање на отштета на Брокерската куќа заради евентуалните непочитувања на договорните обврски од страна на клиентот.

Траење на договорниот однос

Член 38

Времетраењето на Договорот, и условите за отстапување од него во случаите коишто не се наведени во овие Општи услови, странките ги договараат во самиот договор.

Во случај на откажување на наведениот договор, од причини наброени во овие Општи услови и наведениот договор, наведениот договор се продолжува до конечното порамнување на сите обврски на клиентот и Брокерската куќа според тој договор, односно трансакциите, склучени пред откажувањето.

Деловна тајна

Член 39

Клиентот и Брокерската куќа се обврзуваат дека сите податоци и информации, добиени во врска со овие Општи услови и Договорот, или во врска со нивното извршување, ќе ги третираат како деловна тајна, освен ако со овие Општи услови и наведениот договор и соодветните прописи не е определено поинаку.

Брокерската куќа при обработка на личните податоци ќе постапува согласно со Законот за заштита на личните податоци, Законот за хартии од вредност и сопствените интерни акти кои ја регулираат заштитата на лични податоци и ќе превземе соодветни технички и организациони мерки за заштита на личните податоци.

Постапка на жалби

Член 40

Клиентот преку архивата на Брокерската куќа може да поднесе жалба до одговорното лице за разгледување и постапување по жалби од клиенти во врска со почитувањето на Законот за хартии од вредност, подзаконските акти и правилата на саморегулирачките институции.

Брокерската куќа е должна во рок од 7 дена да достави писмен одговор на жалбата на клиентот на адреса назначена од клиентот или лично во деловните простории на Брокерската куќа.

Писмениот одговор се базира и ги истакнува фактите, повикувајки се на релевантни извори на податоци и/или документи.

Во случај на незадоволство од одговорот, клиентот има право да поднесе приговор до регулаторот и/или саморегулирачките институции.

Судска надлежност и избор на правото

Член 41

Евентуалните спорови од договорните односи, коишто се темелат врз овие Општи услови, клиентот и Брокерската куќа ќе ги решаваат договорно, а во случај на судски спор договараат надлежност на стварно надлежниот суд во Скопје.

За проценка на сите договорни односи, коишто се темелат на овие Општи услови се користи македонското право.

Ништовност на одредбите

Член 42

Ништовноста или неизвршливоста на одделна одредба на овие Општи услови и Договорот, не влијае на важноста и извршноста на другите одредби.

Во случај одредбата од овие Општи услови да е неважечка или неизвршлива, Брокерската куќа под услови од член 33 и 34 од овие Општи услови, таквата одредба, ќе ја надомести со нова којашто е најблиска до неважечката, односно одредбата што неможе да се исполни и до нејзината намена.

Во случај кога некоја одредба од Договорот, е неважечка или неизвршлива, странката и Брокерската куќа таквата одредба ќе ја надоместат со нова, којашто е најблиска до неважечката, односно до одредбата што неможе да се исполни и до нејзината намена.

Членство во саморегулирачка организација

Член 43

Брокерската куќа е член на Македонската берза на хартии од вредност АД Скопје и на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје.

Преодни и Завршни одредби

Член 44

Услугите од член 1, став 1, алинеи 8, 9 и 10 Брокерската куќа ке ги врши по исполнување на кадровски, технички и организациони услови и по добивање на дозволата за работа на овој сегмент од Комисија за хартии од вредност.

ИНВЕСТБРОКЕР АД Скопје
Одбор на директори
Претседател
Кирил Митровски